ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-741/4
Датум: 02.04.2024
Скопје

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РМ бр. 32/20 и 111/23), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 55, 56, 57 од Статутот на Општина Карпош го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на јавен увид на изработен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиска инфраструктура-фекална канализација КО Бардовци, Општина Карпош.**

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се наоѓа на територијата на Општина Карпош. Во границата на опфат влегуваат повеќе катастарски парцели лоцирани во КО Бардовци, Општина Карпош и во тие граници зафаќа површина од 0,4794 ха.

Село Бардовци се наоѓа во северниот дел на Скопската Котлина во подножјето на Зајчев Рид од левата страна на реката Лепенец. Од центарот на Скопје во североисточен правец е оддалечено 11 километри. Во близината на Бардовци се наоѓа археолошкото наоѓалиште на античкиот град Скупи. Проектниот опфат на урбанистичкиот проект е лоциран во месноста Чешмароски рид, КО Бардовци, општина Карпош. Проектниот опфат на урбанистичкиот проект се наоѓа надвор и во непосредна близина на планскиот опфат на Урбанистичкиот план за село Бардовци и надвор од опфатот на Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012-2022). Проектниот опфат зафаќа површина од П=4793.64м$^2$ (0.4794ха). Трасата на планираната фекална канализација во рамките на проектниот опфат се состои од два крака (еден крак кој се протега по оската запад - исток и крак кој се протега по оската север – југ) со вкупна должина од сса 860м$^1$. Кракот од трасата на планираната фекална канализација кој се протега по оската север – југ се поклопува со трасата на планирана сообраќајница "Нова улица" од Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012-2022).

Предмет на изработка ќе биде да се предвиди планско – проектна разработка на трасата на комунална линиска инфраструктура - фекална

канализација, која со своите краци ќе ја поврзе во континуитет фекалната канализација која се води по улицата "Е" и улицата "Новопланирана собирна улица 15", планирани со Урбанистичкиот план за село Бардовци. Со урбанистичкиот проект потребно е да се предвидат и решат водовите и приклучоците од фекалната каналзација.

Површината на проектниот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 0,4794ха или 4793,64м2.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Карпош.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиска инфраструктура-фекална канализација КО Бардовци, Општина Карпош, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната веб страна на Општина Карпош: https://karpos.gov.mk/

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението започнувајќи од 08.04.2024 година. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски